**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2019 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 285079/1 од 26.05.2020 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година (арх. бр. _________ од 30.06.2020 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 30.06.2020 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2019 година и утврдување на дивиденден календар

### Член 1

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2019 година во вкупен бруто износ од 1.328.387.395,00 денари (една милијарда триста дваесет и осум милиони триста осумдесет и седум илјади и триста деведесет и пет денари), кој согласно Одлуката за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2019 година претставува дел од нето добивката остварена по Финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија" наменет за исплата на бруто дивиденда.
Бруто износот на дивиденда по акција е 15,400717513 денари (петнаесет денари и четириесет дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, доколку е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Северна Македонија на датумот на исплата.

### Член 2

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2019 година е 22.07.2020 година.

### Член 3

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2019 година е 20.07.2020 година.

### Член 4

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2019 година е 21.07.2020 година.

### Член 5

Исплатата на дивиденда за 2019 година ќе се изврши до 30.09.2020 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите за исплатата на дивидендата со објава на веб-страницата на Друштвото како и со известување преку Македонската берза за хартии од вредност, по усвојувањето на Одлуката за исплата на дивиденда на Друштвото за 2019 година и утврдување на дивиденден календар од страна на Собранието.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**